

# Проценка на

# ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ

## МЕРЕЊЕ ЗА 2021 ГОДИНА

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

# ПРОЦЕНКА НА
## ДОБРОТО ВЛАДЕЕЊЕ

ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРЕКУ
ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ – МЕРЕЊЕ
ЗА 2021 ГОДИНА

Скопје, август 2021

**Издавач:**
Фондација за Интернет и Општество Метаморфозис

**Уредник:**
Бардил Јашари

**Печатница:**
ДПТУ Ројал Арт ДООЕЛ Скопје

**Тираж:**
200 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:005.332.5(497.7)"2021"(047.31)

ПРОЦЕНКА на доброто владеење во единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија преку Индексот на отвореност : мерење за
2021 година / [уредник Бардил Јашари]. - Скопје : Фондација Метаморфозис, 2021. - 51 стр. : илустр. ; 30 см

Содржи и: Прилог 1: Структура на индексот на отвореност на локално ниво

ISBN 978-608-263-056-4

а) Локална самоуправа -- Управување -- Отвореност -- Македонија -- 2021
-- Истражувања

COBISS.MK-ID 55093253

USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

Оваа публикација е подготвена од Фондацијата Метаморфозис во рамки на Проектот за граѓанско учество со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Мислењата изразени во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СОДРЖИНА

**1. Вовед** 4

**2. Методологија** 5

**3. Отвореност на институциите од локалната власт во Република Северна Македонија** 8

3.1. Состојбата на добро владеење во институциите на локалната власт во Северна Македонија 8

3.2.Транспарентност 14

3.2.1. Заложба за транспарентност и отчетност 16

3.2.2. Организациски информации 18

3.2.3. Донесување на одлуки 19

3.2.4. Финансиска транспарентност 21

3.3. Свесност 22

3.3.1. Планирање и програмирање 24

3.3.2. Мониторинг и евалуација 26

3.4. Пристапност 27

3.4.1. Пристап до информации и услуги 28

3.4.2. Јавни консултации 30

3.4.3. Интеракција со граѓаните 32

3.5. Интегритет 33

3.6. Отворени податоци 35

3.7 . Општински совет и јавни претпријатија 37

**4.Заклучок** 38

**5. Сеопфатен план за добро владеење за локалната власт во Република Северна Македонија** 39

**Прилог 1: Структура на Индексот на отвореност на локално ниво** 45

# 1. ВОВЕД

Фондацијата за интернет и општество Метаморфозис со поддршка од Проектот на УСАИД за граѓанско учество направи проценка на состојбата на доброто владеење на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) во Република Северна Македонија за 2021 година.

Проценката е резултат на спроведеното истражување засновано врз Индексот на отвореност, чија цел е да го утврди степенот до кој се почитуваат принципите на доброто владеење.

Индексот на отвореност е методологија за проценка на работењето на ЕЛС која се базира на веќе разработениот Индекс за мерење на отвореноста на единиците на локалната самоуправа во регионот на шестте земји кои не се членки на ЕУ во Југоисточна Европа (ЈИЕ6). Индексот ги зема предвид разликите и спецификите на секоја од земјите, како во поглед на законските обврски за ЕЛС, така и во однос на практиките. Методологијата беше ревидирана на почетокот на 2021 година со цел да ги прилагоди компонентите на индексот (области, под-области, индикатори, алатки) за да овозможи негова целосна применливост и релевантност за оценка на отвореноста на ЕЛС во Република Северна Македонија (РСМ).

Овој извештај нуди анализа на работата на единиците на локалната самоуправа во Република Северна Македонија во однос на принципите на транспарентност, свесност, пристапност и интегритет. Дополнително ЕЛС беа мониторирани според еден заеднички домен присутен во сите четири принципи, а тоа се отворените податоци. Врз основа на направената проценка дадени се препораки за подобрување на работењето на единиците на локалната самоуправа во областите кои се опфатени со истражувањето.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Индексот на отвореност ги оценува перформансите на локалната власт во областа на добро владеење со тоа што се фокусира на четири принципи: (1) транспарентност, (2) свесност, (3) пристапност и (4) интегритет и еден заеднички домен присутен во сите четири принципи - отворените податоци.

Индексот на отвореност претставува практична алатка за мерење на севкупната отвореност на ЕЛС која:

- дава детален приказ на сите аспекти поврзани со отвореноста на секоја ЕЛС,
- овозможува споредливост меѓу ЕЛС со цел поттикнување на меѓусебно учење и споделување најдобри практики,
- создава мотивација кај ЕЛС за постојано подобрување, усовршување и иновирање,
- е достапна и разбирлива за граѓаните да имаат увид во отвореноста на нивната општина, како еден од клучните критериуми за оценка на изведбата и успешноста.

Индикаторите се организирани во 4 области и 9 под-области. Четирите области одговараат на четирите принципи на отворено владеење: транспарентност, свесност, пристапност и интегритет. Освен тоа, индексот содржи и две поткатегории – општински совет и јавни претпријатија, со што се овозможува оценување на отвореноста на општината кога станува збор конкретно за работата на советот или јавните претпријатија.

Областа **транспарентност** се однесува на политиките, активностите и мерките кои општината ги презема да ги информира своите граѓани за својата работа. Тргнувајќи од позицијата дека транспарентноста е основата за отвореност на општините, оваа област во индексот содржи најмногу индикатори, опфаќајќи ја и финансиската транспарентност како еден од најважните аспекти на работата на општините.

Областа **свесност** се однесува на квалитетот на планирањето, програмирањето, мониторинг и евалуација на политиките кои се спроведуваат од страна на институциите. Таа ја подразбира предвидливоста на спроведувањето на јавниот интерес преку јавните политики во единицата на локалната самоуправа. Оваа област ги разгледува процесот на креирање на јавните политики во општината, изготвувањето и усвојувањето на стратешки документи, акциски планови, како и развивањето на план и алатки за мониторинг и евалуација при спроведување на секторските надлежности кои ги има општината.

Областа **пристапност** се однесува на начинот на којшто ЕЛС комуницира и ги вклучува граѓаните од општината при одговарање на нивните барања и задоволување на нивните потреби. Пристапноста е поврзана со обезбедување и почитување на процедурите за слободен пристап до информации, подобрување на пристапноста на информациите преку механизми за јавна дебата и зајакнување на интеракцијата со и учеството на граѓаните.

Областа **интегритет** во рамки на овој Индекс се разгледува во функција на конзистентно придржување кон етичките вредности, принципи и норми кои што имаат за цел приоретизирање на јавниот интерес во однос на приватниот.

**Отворените податоци** се важен аспект на овој Индекс и се разгледуваат како хоризонтална област. Согласно **Стратегијата за отворени податоци**, отворените податоци се препознаени како можност за унапредување на владеењето во поглед на транспарентноста, отвореноста и отчетноста на сите нивоа, вклучително и на локално, а исто така можат да бидат и силен поттик за економски и социјален развој во државата. Во рамките на Индексот за дел од индикаторите дополнително се анализира начинот на кој што податоците се објавуваат и нивниот формат низ призмата на отвореноста на податоците. Така преку овој хоризонтален пристап, настојуваме да ја оцениме заложбата на општините кон исполнувања на барањата за отворени податоци.

Изработката и ревизијата на Методологијата беа спроведени врз основа на детална анализа на националната стратешка и законска рамка на РСМ, меѓународни документи, иницијативи, стандарди, препораки и добри практики, истражувања за перцепциите и очекувањата на граѓаните на РСМ, како и интервјуа со релевантни чинители.

Истражувањето е спроведено од страна на Фондацијата Метаморфозис, а во процесот на спроведување на истражувањето беа вклучени 8 локални граѓански организации: Агтис - Прилеп, Центар за интеркултурен дијалог- Куманово, Фондација за развој на локалната заедница - Штип, Центар за социјални иновации Блинк 42-21 - Скопје, Мултикултура - Тетово, Скај Плус - Струмица, Локална агенција за развој - Струга и Квантум Прима - Кавадарци.

Со истражувањето за 2021 година беа опфатени сите 80 општини и Градот Скопје.

Истражувањето беше спроведено од 1 јуни до 15 јули 2021 година. Методите на истражување беа преку (1) проверка на веб-страниците на општините според дефинирани индикатори и (2) прашалник доставен до општините за да се потврдат наодите добиени од онлајн мониторингот. Методологијата како основен извор за прибирање информации ги зема официјалните веб-страници на ЕЛС. Второто ниво од проверката за дел од индикаторите подразбираше процес на подготовка и спроведување на прашалник како истражувачка алатка. Прашалникот се спроведе електронски и се состоеше од однапред утврдени прашања и опции за одговор кои

овозможуваат да се потврдат или дополнат дел од наодите добиени преку следење на веб-страниците, како и да се елиминираат евентуалните пропусти при следењето што би биле на штета на оценката за ЕЛС за конкретен индикатор.

Грешката во мерењето е +/- 3%. Врз основа на резултатите од истражувањето спроведовме анализа со клучни критични точки и проблеми во областа на отвореноста на општините, кои се надеваме ќе користат за подобрување на нивната работа.

Од 80-те мониторирани општини и Градот Скопје, само 36 или 44% одговориле на онлајн прашалникот. Важно е да се напомене дека во случаите кога општините не доставија одговорени прашалници, беше дадена оценка 0 за индикаторите, односно беше оценето како индикатори да не биле исполнети. Имено, од мониторираните општини, 36 (44%) одговориле на прашалникот, додека останатите 45 (56%) автоматски добиваат 0 за соодветните индикатори.

Во Прилог 1 може да ја погледнете севкупната структура на Индексот на отвореност на локално ниво.

# 3. ОТВОРЕНОСТ НА ИНСТИТУЦИИТЕ ОД ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 3.1. СОСТОЈБАТА НА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ВО ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пандемија со КОВИД-19 со која се соочивме уште повеќе ја потенцираше потребата за брзо и ефикасно работење на властите, а со тоа и на локалната самоуправа. Во вакви вонредни услови на драстични ограничувања во слободата на движење на граѓаните се покажа колку е важна довербата и транспарентноста во работењето на единиците на локалната самоуправа.

Истражувањето за 2021 година покажа дека повеќето општини не работат доволно за да ги задоволат стандардите за отвореност. Резултатите во областите укажуваат на тоа дека ЕЛС применуваат ниски стандарди за консултации, транспарентност, мониторинг и контрола во нивното работење. Иако во вонредни околности неизбежно е намалување на ефективноста и ефикасноста во работењето во некои области, сепак тоа мора да биде ограничено во обем и време за да се избегне создавање на негативна перцепцијата кај граѓаните за компетентноста, отвореноста и транспарентноста на ЕЛС.

Просечниот резултат на единиците на локалната самоуправа според истражувањето преку Индексот на отвореност за 2021 година изнесува 25%. Ова е индикација за ниско ниво на отвореност во работењето на локалната власт во Република Северна Македонија.

Највисока просечна оцена општините имаат за индикаторите во областа транспарентност 32%, а најниска просечна оцена имаат во областа свесност 13%.

*Графикон 1. Отвореност на ЕЛС за 2021 година според принципите на Индексот на отвореност*




Многу нискиот резултат во областа свесност укажува на слабиот квалитет на планирањето, програмирањето, мониторингот и евалуацијата на политиките кои се спроведуваат од страна на ЕЛС. Ова е од особено значење бидејќи спроведувањето на јавниот интерес примарно треба да биде преку јавните политики во единицата на локалната самоуправа.

Согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа, локалната самоуправа е територијално организирана во 80 општини и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Според нашиот Устав, единиците на локалната самоуправа, односно општините, се еднакви во своите права и должности, без оглед на нивниот урбан или рурален карактер, степенот на развој, просторната и демографска големина и други разлики и специфики. Оттука, во истражувањето сите општини се третирани еднакво, без разлика на нивната големина, бројот на вработени и слично.

Принципите на отвореност содржани во Индексот на отвореност се опфатени во низа закони, подзаконски акти и прирачници со цел да ја подобрат отвореноста на институциите од локалната власт и да го унапредат квалитетот на живеење на граѓаните.

Индексот на отвореност покажа дека во мерењето за 2021 година најдобри резултати имаат општините Охрид (51%), Василево (48%) и Кочани (48%), додека најниско е рангирана општината Пласница (3%).

*Графикон 2. Топ 10 рангирани ЕЛС според Индексот на отвореност за 2021 година*




*Графикон 3. Најниско рангирани ЕЛС според Индексот на отвореност за 2021 година*




Во однос на планските региони, истражувањето покажа дека најотворени се општините во Југоисточниот регион, со просечна отвореност од 34%, додека најмалку отворени се општините во Полошкиот регион со просечна отвореност од 19%.

*Графикон 4. Отвореност на планските региони за 2021 година*




Резултатите на општините во однос на мерењето на Индексот на отвореност за 2021 година се следните:

| Ранг | Општина | Вкупен процент на отвореност |
|---|---|---|
| 1 | Охрид | 51% |
| 2 | Василево | 48% |
| 2 | Кочани | 48% |
| 3 | Битола | 46% |
| 3 | Кавадарци | 46% |
| 3 | Валандово | 46% |
| 4 | Велес | 45% |
| 5 | Карпош | 41% |
| 5 | Прилеп | 41% |
| 6 | Гевгелија | 40% |
| 7 | Штип | 39% |
| 7 | Желино | 39% |
| 8 | Крива Паланка | 37% |
| 8 | Куманово | 37% |
| 8 | Демир Хисар | 37% |
| 9 | Струмица | 36% |

| Ранг | Општина | Вкупен процент на отвореност |
|---|---|---|
| 9 | Вевчани | 36% |
| 9 | Берово | 36% |
| 9 | Делчево | 36% |
| 10 | Радовиш | 35% |
| 10 | Ѓорче Петров | 35% |
| 10 | Центар | 35% |
| 10 | Конче | 35% |
| 10 | Македонска Каменица | 35% |
| 11 | Богданци | 32% |
| 11 | Град Скопје | 32% |
| 11 | Аеродром | 32% |
| 11 | Гази Баба | 32% |
| 12 | Крушево | 31% |
| 12 | Свети Николе | 31% |
| 13 | Гостивар | 30% |
| 13 | Кратово | 30% |
| 13 | Неготино | 30% |
| 14 | Илинден | 29% |
| 14 | Чашка | 29% |
| 15 | Ново Село | 28% |
| 15 | Кисела Вода | 28% |
| 16 | Петровец | 26% |
| 16 | Тетово | 26% |
| 17 | Липково | 25% |
| 17 | Дебар | 25% |
| 18 | Зрновци | 24% |
| 18 | Новаци | 24% |
| 18 | Дебрца | 24% |
| 19 | Ресен | 23% |
| 19 | Градско | 23% |
| 20 | Кичево | 21% |
| 21 | Босилово | 20% |
| 21 | Шуто Оризари | 20% |
| 21 | Чешиново-Облешево | 20% |
| 21 | Струга | 20% |
| 22 | Македонски Брод | 19% |

| Ранг | Општина | Вкупен процент на отвореност |
|---|---|---|
| 22 | Брвеница | 19% |
| 22 | Чаир | 19% |
| 23 | Могила | 18% |
| 23 | Росоман | 18% |
| 24 | Дојран | 17% |
| 24 | Јегуновце | 17% |
| 24 | Пехчево | 17% |
| 24 | Виница | 17% |
| 24 | Центар Жупа | 17% |
| 24 | Кривогаштани | 17% |
| 25 | Долнени | 16% |
| 26 | Маврово и Ростуше | 15% |
| 27 | Ранковце | 14% |
| 27 | Боговиње | 14% |
| 27 | Демир Капија | 14% |
| 27 | Лозово | 14% |
| 28 | Пробиштип | 13% |
| 28 | Карбинци | 13% |
| 29 | Сарај | 11% |
| 30 | Бутел | 10% |
| 31 | Теарце | 8% |
| 32 | Зелениково | 7% |
| 32 | Студеничани | 7% |
| 32 | Сопиште | 7% |
| 32 | Старо Нагоричане | 7% |
| 33 | Арачиново | 5% |
| 33 | Чучер-Сандево | 5% |
| 33 | Врапчиште | 5% |
| 34 | Пласница | 3% |

Во продолжение на документот е даден преглед на резултатите на ЕЛС во секоја област и под-област.

## 3.2.ТРАНСПАРЕНТНОСТ

*„Транспарентноста“ се однесува на политиките, активностите и мерките кои општината ги презема да ги информира своите граѓани за својата работа*

Транспарентноста и отчетноста треба да бидат појдовни принципи во работењето на општините. Иако декларативно сите ЕЛС се залагаат за поголема транспарентност, во суштина многу мал дел од нив ги објавуваат сите потребни информации поврзани во нивното работење.

Постоење на основни алатки за информирање на граѓаните е законска обврска на општините. Пристапноста и функционалноста на алатките за информирање е определба на општината да ги презентира информациите до нејзините граѓани на најсоодветен начин.

Објавувањето и пристапот до информации за работењето на општините, за буџетите, јавно објавување на договорите, одлуките за вработување или јавните набавки преку Интернет ја зајакнува надворешната контрола и надзор од страна на граѓанските организации, експертите и јавноста во целина.

Поголемата транспарентност на ЕЛС е исто така значајна алатка во борбата со дезинформации и лажни вести.

Истражувањето за 2021 година покажа дека сите општини имаат функционални веб-страници, но значаен дел од нив се развиени на многу ниско ниво, дел не се на доменот gov.mk, а друг дел не ги задоволуваат барањата за кибер безбедност.

Единиците на локалната самоуправа исполнуваат 32% од индикаторите опфатени во областа транспарентност.

*Графикон 5. Транспарентност на ЕЛС според четирите под-области*



Овој резултат покажува дека транспарентноста на ЕЛС треба значително да се подобри.  Локалните власти треба проактивно да објавуваат што е можно повеќе информации на веб-страниците на општините бидејќи тие во денешно време се главниот извор на информации за квалитетот на владеењето. Општините треба да направат напори за да ја зголемат севкупната транспарентност во нивното работење, а особено објавувањето на податоци во однос на одлуките кои ги носат Градоначалникот и Советот, како и податоци во однос на финансиското работење.

*Графикон 6. Топ 10 рангирани општини во областа Транспарентност*




Во однос на транспарентноста најдобри резултати покажа општината Василево (58%), а најниско беше оценета општина Врапчиште (4%).

При истражувањето беше забележано дека голем број на значајни информации, документи и податоци ЕЛС ги објавуваат само во службените гласници. Ова се покажува како негативна практика во работењето бидејќи вака објавените податоци многу тешко се пронаоѓаат и обработуваат. Евидентно е дека обичниот граѓанин во повеќето случаи нема да може воопшто да дојде со посакуваната информација која е објавена во службените гласници со што не се исполнува нивната основна цел – информирање на граѓаните. Овие податоци и информации треба да се добро структурирани и директно објавени во рамки на менијата и секциите на веб-страници на општините со цел да бидат лесно достапни.

Во областа транспарентност индикаторите се организирани во четири под-области:

- Заложба за транспарентност и отчетност, која ги вклучува политиките за транспарентност и отчетност и континуираната обука на таа тема;
- Организациски информации кои се однесуваат на структурата на општината, основните надлежности и кадровските прашања;
- Донесувањето на одлуки од страна на Советот и градоначалникот;
- Финансиска транспарентност, која ги вклучува јавните набавки, буџетот, завршните сметки и финансиските извештаи.

### 3.2.1. Заложба за транспарентност и отчетност

Постоењето на јасна политика за транспарентноста, отчетност и пристапност на општината укажува на заложбата на општината да биде во служба на граѓаните. Општините ги исполнуваат дел од законските барања за објавување на информации и документи. Меѓутоа, честопати тие информации се објавени во формати кои што не се соодветни за пребарување и обработка. Презентирање на отворени податоци од страна на општините ќе овозможи полесна обработливост на самите податоци и поголема транспарентност на општината. Отворените податоци се една од најважните заложби во Програмата за отворено владино партнерство на РС Македонија. Долгорочната заложба за отвореност на општината би требало да биде преточена во конкретен стратешки или акциски план кој треба да е објавен на веб-страната.

Оваа под-област содржи индикатори за основната политика на општината за транспарентност и отчетност како: постоење на стратешка определба на општината да биде транспарентна и отчетна; инвестирање во едукација на општинските работници на тема транспарентност и отчетност; постоење на основни предуслови за информирање на граѓаните и презентирање на податоците на општината во отворен формат.

Единиците на локалната самоуправа исполнуваат 31% од индикаторите опфатени во под-областа заложба за транспарентност и отчетност.

Веб-страниците на општините се примарното место каде граѓаните пристапуваат за да добијат податоци и информации за функционирањето на општините или да остварат некое нивно право или обврска. Според ова, веб-страните на општините се најзначајната алатка за информирање и ЕЛС мора да се осигурат дека оваа алатка е функционална и корисна за посетителите.

Истражувањето за 2021 година покажа дека дел од ЕЛС треба го подобрат квалитетот на нивните Веб-страници и да ги направат попогодни за корисниците. Голем дел од

веб-страниците на општините сѐ уште не ги содржат основните информации кои се барани со закон; дел од нив, како општината Кривогаштани, не се регистрирани на доменот gov.mk; некои општини, како општина Илинден, имаат две веб-страници; дел од веб-страниците, како на општина Сарај, не ги задоволуваат барањата за кибер безбедност и голем број немаат функционални алатки за пребарување.

Дел од општините не ги ажурираат редовно сите јазични верзии на веб-страниците, односно информациите не се објавуваат доследно и не се достапни на сите службени јазици на општината.

Повеќето општини немаат некаков документ (стратегија, политика, постапка) во врска со отвореноста и транспарентноста. Општините, исто така, треба повеќе да инвестираат во едукација на вработените на теми како транспарентност, отчетност, отворени податоци и сл.

Во однос на планските региони, во под-областа заложба за транспарентност и отчетност највисоко се оценети ЕЛС во Североисточниот регион (41%), а најниско општините во Вардарскиот регион (24%).

*Графикон 7. Отвореност на планските региони во под-областа заложба за транспарентност и отчетност за 2021 година*




Во под-областа заложба за транспарентност и отчетност, истражувањето покажа дека најдобри резултати имаат општините Струмица и Липково со 78%, а најниско се оценети општините Могила, Врапчиште и Пласница со 9%.

Генерално, може да се заклучи дека веб-страниците на општините се ограничени во нивната функционалност и корисност. Повеќето веб-страници не се лесни за

користење и посетителите често не можат лесно и брзо да дојдат до потребните податоци. Општините треба да изработат некаков документ во кој ќе ја документираат нивната стратешка определба да бидат транспарентни и отчетни.

### 3.2.2. Организациски информации

Пристапноста до основните информации за надлежностите на општината, основните документи за работењето и кадровските прашања се законска обврска на општините. Со овие податоци граѓаните ги добиваат основните информации за функционирањето на општината, основните контакти на донесувачите на одлуки и лицата кои се задолжени за нивно спроведување. Всушност, со овие податоци се дава основна слика за работењето на општината, областите на нејзино дејствување и се мери пристапноста и пресретливоста на општинските службеници за граѓаните.

Согласно законската рамка во нашата земја ЕЛС имаат обврски за прибирање на голем број на податоци и водење евиденции. Доколку овие податоци не се ограничени со Законот за заштита на личните податоци треба да бидат објавени на веб-страниците на општините.

Оваа под-област содржи индикатори кои се однесуваат на: основните податоци за надлежностите на општината и нејзиниот имот; основните документи за работењето на општината; основните информации за различни општински тела: градоначалник, Совет, јавни претпријатија, месни заедници, кадровски прашања и организациска поставеност.

Единиците на локалната самоуправа исполнуваат 45% од индикаторите опфатени во под-областа организациски информации.

Генерално општините објавуваат ограничени информации за нивното работење на веб-страници. ЕЛС најчесто објавуваат основни документи за работењето на општината како Статутот, Деловникот, органиграмот, податоци во врска со членовите на Советот и слично. Многу мал број на општини на своите веб-страници објавуваат детални информации за јавните претпријатија и нивното работење.

Во однос на планските региони, во под-областа организациски информации највисоко се оценети ЕЛС во Североисточниот регион (51%), а најниско општините во Скопскиот регион (39%).

*Графикон 8. Отвореност на планските региони во под-областа организациски информации*




Во под-областа организациски информации, истражувањето покажа дека најдобри резултати има општина Желино (76%), а најниско е оценета општината Пласница со 0%.

Може да се заклучи дека општините на своите веб-страници треба да објавуваат податоци за кадровските прашања како на пример целосни листи на вработени со податоци за контакт, податоци за лицата ангажирани со договори за дело, договори за привремена работа и авторски договори. Исто така, треба да вклучат повеќе детални информации за јавните претпријатија и нивното работење, а не само краток опис или еден линк.

### 3.2.3. Донесување на одлуки

Граѓаните најчесто се обраќаат до општината и нивната перцепција за оваа институција многу често се ограничува на градоначалникот. Улогата на Советот како донесувач на одлуки и политики е најчесто занемарена.

Оваа под-област содржи индикатори кои се однесуваат на пристапноста на податоци поврзани со процесот на донесување одлуки, односно транспарентност на седниците на Советот, достапност на документите и донесените одлуки, комуникација со медиумите и граѓаните, од страна на Советот и градоначалникот.

Единиците на локалната самоуправа исполнуваат само 25% од индикаторите опфатени во под-областа донесување на одлуки. Ова е најнизок резултат во однос на четирите под-области во областа транспарентност.

Истражувањето покажа дека општините објавуваат многу малку податоци поврзани со процесот на донесување одлуки од страна на Советот и градоначалникот. Загрижувачка е бројката од 21 општина кои немаат објавено никакви податоци поврзани со процесот на донесување одлуки.

Ова е значајна област која треба да се подобри бидејќи со поголема пристапност на информациите за одлуките на Советот и градоначалникот, навремено известување за нивната работа, граѓаните добиваат можност за вклучување во донесувањето на јавните политики на локално ниво.

Во однос на планските региони, во под-областа донесување на одлуки највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (52%), а најниско општините во Полошкиот регион (15%).

*Графикон 9. Отвореност на планските региони во под-областа донесување на одлуки*




Во оваа под-област, истражувањето покажа дека најдобри резултати има општина Струмица (76%), додека дури 21 општина (Чаир, Теарце, Сопиште, Чучер-Сандево, Долнени, Демир Капија, Пробиштип, Илинден, Македонски Брод, Арачиново, Пласница, Липково, Врапчиште, Ранковце, Кичево, Сарај, Центар Жупа, Старо Нагоричане, Бутел, Студеничани и Кривогаштани) немаат објавено никакви податоци поврзани со процесот на донесување одлуки.

Фактот дека една четвртина од општините во Р.С. Македонија, немаат објавено никакви податоци за одлуките кои се носат од страна на градоначалникот и Советот, а останатите општини, генерално, објавуваат делумни податоци е сериозен недостаток

кој мора да се адресира од ЕЛС. Овие податоци се едни од најзначајните податоци кои општините треба редовно и навремено да ги објавуваат бидејќи директно влијаат на квалитетот на живеење во локалните заедници и овозможуваат следење на работата на градоначалникот и Советот од страна на граѓаните и заинтересираните страни.

### 3.2.4. Финансиска транспарентност

Пристапноста до и видливоста на сите финансиски информации: буџети, завршни сметки, финансиски извештаи и јавни набавки се законска обврска на општините и јавните претпријатија. Планирањето и трошењето на јавните пари на транспарентен начин е заложба на дел од општините и се забележуваат добри практики на објавување на информации во соодветен формат достапен и разбирлив за граѓаните и вклучување на граѓаните во одредување на приоритети за финансиското планирање.

Единиците на локалната самоуправа исполнуваат само 27% од индикаторите опфатени во под-областа финансиска транспарентност.

Општините треба да објавуваат повеќе податоци и информации за буџетот и трошењето на јавните пари бидејќи тоа придонесува за намалување на корупцијата, како и за обезбедување ефективно учество на граѓаните во процесите на буџетирање.

Истражувањето покажа дека 12 општини го немаат објавено буџетот на општината на својата веб-страница. Повеќето ЕЛС треба да го подобрат процесот на партиципативно буџетирање со цел граѓаните да се вклучени во процесот на изработка на буџетот и финансиското планирање. Со тоа, граѓаните може да бидат вклучени во најважниот дел од градењето политики на локално ниво.  Само 10 општини имаат објавено граѓански буџет, со што се скратува можноста граѓаните, на едноставен начин, преку графикони и илустрации, да го разберат буџетот. Општините не објавуваат податоци за платите на функционерите и надоместоците на членовите на Советот на општината.

Во однос на планските региони, во под-областа финансиска транспарентност највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (38%), а најниско општините во Полошкиот регион (15%).

*Графикон 10. Отвореност на планските региони во под-областа финансиска транспарентност*




Во под-областа финансиска транспарентност, истражувањето покажа дека најдобри резултати има општина Карпош (58%), а најниско се оценети општините Теарце, Сарај, Студеничани, Сопиште, Пробиштип, Врапчиште и Арачиново кои не објавуваат никакви податоци за нивното финансиско работење.

Може да се заклучи дека општините треба да објавуваат повеќе финансиски информации како квартални и годишни финансиски извештаи, информации или линкови за финансиското работење на јавните претпријатија, алоцираните средства за граѓански организации, податоци за платите на функционерите и надоместоците на членовите на советот на општината. Дел од општините треба да ја унапредат отчетноста во објавување информации поврзани со јавните набавки, односно да ги објавуваат плановите за јавните набавки, повиците, одлуките, договорите и анексите.

## 3.3. СВЕСНОСТ

*„Свесност“ се однесува на квалитетот на планирањето, програмирањето, мониторинг и евалуација на политиките кои се спроведуваат од страна на институциите*

Предвидливоста на спроведувањето на јавниот интерес преку јавните политики е од суштинско значење за граѓаните. За да се постигне предвидливост во носење на одлуките на локално ниво, потребно е претходно да бидат испланирани целите кои што ЕЛС сака да ги постигне и истите да бидат ставени во стратешки документ кој што е јавно објавен и достапен за граѓаните. Врз основа целите се врши оценка на јавните политики користејќи ги алатките за мониторинг и евалуација за да се

процени ефикасноста и ефективноста на јавните политики во остварувањето на зацртаните цели.

Оваа област ги разгледува процесот на креирање на јавните политики во општината, изготвувањето и усвојувањето на стратешки документи, акциски планови, како и развивањето на план и алатки за мониторинг и евалуација при спроведување на секторските надлежности кои ги има општината.

Истражувањето покажа дека ЕЛС имаат просечна оценка од 13% во индикаторите од областа свесност. Ова е област во која општините имаат најслаб резултат. Дури 32 ЕЛС или 40% од општините не објавуваат никакви документи и податоци во оваа област. ЕЛС многу малку работат на собирање и објавување на податоци за ефективноста на политиките, нивниот степен на спроведување и нивното влијание. Согласно ова, неопходно е општините да имплементираат систематски механизми кои редовно ги проценуваат влијанието, трошоците и ефектите на политиките и како такви служат за развој на стратешки планови за во иднина, потпирајќи се на податоците како доказ.

*Графикон 11. Свесност на ЕЛС во Северна Македонија според двете под-области*



*Графикон 12.Топ 10 рангирани општини во областа свесност*




Во областа свесност најдобри резултати има општината Делчево со 60%, додека следниве 32 ЕЛС се оценети со 0% бидејќи не објавуваат никакви документи и податоци во оваа област: Теарце, Тетово, Босилово, Кривогаштани, Дојран, Демир Капија, Петровец, Струмица, Могила, Лозово, Македонски Брод, Дебар, Пласница, Виница, Боговиње, Карбинци, Врапчиште, Пехчево, Сопиште, Пробиштип, Зелениково, Арачиново, Струга, Ранковце, Јегуновце, Сарај, Гази Баба, Старо Нагоричане, Чучер-Сандево, Студеничани, Брвеница и Бутел.

Областа свесност ги опфаќа следниве под-области:

- Планирање и програмирање, односно изработката на програми за работа на општината, стратешки документи за развој и развој на индикатори за следење;
- Мониторинг и евалуација (реализација на годишните планови, известување, користење на индикатори за мерење на успешноста на спроведувањето на политиките)

### 3.3.1. Планирање и програмирање

Стратешките документи за развој и програмите за работата на градоначалникот и Советот се важни документи на локално ниво кои укажуваат на плански пристап кон градењето локални јавни политики во служба на потребите на граѓаните. Пристапноста на овие документи за граѓаните е чекор кон поголема вклученост на граѓаните во донесување одлуки, а постоењето на соодветни индикатори за следење и евалуација на документите укажува на нивото на квалитет на документите.

Стратешкото планирање треба тесно да биде поврзано со процесот на подготовка на буџетот на општините. Праксата на планирање на буџетите без соодветна стратешка рамка предизвикува општините нереално да ги планираат буџетите што резултира со големи долгови.

Потребно е значајно подобрување на процесот на стратешко планирање на локално ниво. Имено, повеќето од општините не ги објавуваат потребните стратешки и плански документи и немаат пишан план кој ги утврдува целите за развој (Стратегија за развој) и/или акциски план за спроведување на Стратегијата за развој.

Во однос на планските региони, во под-областа планирање и програмирање највисоко се оценети ЕЛС во Вардарскиот регион (26%), а најниско општините во Полошкиот регион (2%).

*Графикон 13. Исполнетост на индикаторите во под-областа планирање и програмирање во планските региони*




Резултатите за оваа под-област, како и за областа, покажуваат ниски бројки. Дури 37 општини воопшто не ги исполнуваат индикатори опфатени во под-областа планирање и програмирање. Позитивен пример во оваа под-област е општината Делчево која исполнува 78% од индикаторите.

Може да се заклучи дека ЕЛС треба да изготват и на своите веб-страници треба да ги објавуваат планските и стратешки документи со временска рамка, буџетски алокации и одговорни тела за спроведување.

### 3.3.2. Мониторинг и евалуација

Реализацијата на стратегиите и годишните планови на општините треба да биде анализирана преку видливи и лесно мерливи индикатори и да биде претставена на објективен начин врз основа на претходно зацртаните индикатори. Можноста за објективно мерење на реализираните цели го намалува ризикот општинските гласила да бидат само „реклама“ за работата на општината.

Индикаторите во оваа област го оценуваат степенот до кој општините ја мерат ефективноста на политиките и активностите кои ги спроведуваат.

Истражувањето покажа дека дури 73% или 59 од мониторираните ЕЛС не користат индикатори за успешност при изработка на годишните планови за работа и извештаите за работа. Непостоењето на овие податоци ја оневозможува јавноста реално да ја следи работата на ЕЛС и да има јасна слика за сработеното.

Во однос на планските региони, во под-областа мониторинг и евалуација највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (16%), а најниско општините во Североисточниот регион (0%).

*Графикон 14. Исполнетост на индикаторите во под-областа мониторинг и евалуација во планските региони*




Генерално, ЕЛС треба редовно да прават проценка на влијанието, трошоците и ефектите на политиките и овие податоци да ги користат за развој на стратешки планови за во иднина. Собирање на податоци за ефективноста на политиките, нивниот степен на спроведување и нивното влијание ќе им овозможи да генерираат и објавуваат корисни и реални извештаи за напредокот во реализацијата на активностите.

## 3.4. ПРИСТАПНОСТ

*„Пристапноста“ се однесува на начинот на којшто ЕЛС комуницира и ги вклучува граѓаните од општината при одговарање на нивните барања и задоволување на нивните потреби*

Пристапноста е поврзана со обезбедување и почитување на процедурите за слободен пристап до информации, подобрување на пристапноста до информациите преку механизми за јавна дебата и зајакнување на интеракцијата со и учеството на граѓаните. Општините ова го прават преку овозможување пристап до информации и соодветни услуги за граѓаните, консултирање на граѓаните и одржување двонасочна комуникација. Учеството на граѓаните во процесот на донесување на одлуки е посебно значајно за локалната демократија бидејќи доведува до зголемена транспарентност.

Во областа пристапност истражувањето покажа дека резултатот на локалната власт изнесува 22%, со највисока оцена за индикаторите за под-областа интеракција со граѓаните од 45%, а пониска оценка за останатите под-области, пристап до информации и услуги од 21% и јавни консултации од 18%.

*Графикон 15. Пристапност на ЕЛС според трите под-области*




Во однос на пристапноста најдобри резултати покажа општина Битола (51%), а најниско беше оценета општина Пласница (0%).

*Графикон 16. Топ 10 рангирани општини во областа пристапност*




Според добиените резултати може да се заклучи дека ЕЛС треба да го подобрат процесот на јавни консултации и да го зголемат учество на граѓаните во процесот на креирање на политики и носење на одлуки на локално ниво преку создавање на повеќе можности и објавување на повеќе информации за вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки.

Индикаторите во рамки на оваа област се поделени во три под-области:

- Пристап до информации и услуги, каде што спаѓаат слободен пристап до информации од јавен карактер, пристапност на услуги и информирање на граѓаните за работата на општината;
- Јавни консултации, коишто ги опфаќаат различните можности за вклучување на граѓаните во процесот на донесување одлуки од страна на градоначалникот и Советот, работата на општината и планирањето на буџетот;
- Интеракција со граѓаните, односно можностите за двонасочна комуникација меѓу општините и граѓаните преку наменски алатки и социјални медиуми, пристапноста на градоначалникот и општинските органи.

### 3.4.1. Пристап до информации и услуги

Националното законодавство и меѓународните начела и добри практики покажуваат дека пристапот до информации е основно право на граѓаните на општината. Општината е законски обврзана да испорачува голем број услуги до граѓаните. Пристапноста до општинските услуги, и пред сè е-услугите, се важни за

граѓаните и нивниот секојдневен живот. Земајќи ја предвид пандемијата со КОВИД-19, како и стратешката определба на ЕУ за дигитализација, развојот на е-услуги треба да биде приоритет на самите општини. Како дел од нивните надлежности, општините имаат законска обврска да создаваат и одржуваат регистри од различни области. Јавното објавување на регистри, бази на податоци и информации од различни области укажува на отвореност на општината да придонесе за развој на секторските политики.

Резултатите на ЕЛС од истражувањето покажуваат 21% исполнетост на индикаторите кои се однесуваат на под-областа пристап до информации и услуги. Ова покажува дека сè уште постои нецелосна и недоследна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер што води кон ограничена транспарентност на ЕЛС и нецелосно остварување на правото на физичките и правните лица за пристап до информации од јавен карактер.

Повеќето општини не ги објавуваат регистрите, базите на податоци и информациите од различни области кои имаат законска обврска да ги создаваат и одржуваат. Генерално, ЕЛС не ги објавуваат информациите а своите веб-страници кои се дадени преку доставени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Развојот на електронските услуги на локално ниво сè уште не е на потребното ниво. Во извештајот “Квалитетот на услугите кои ги даваат ЕЛС преку своите ВЕБ портали” на Државниот завод за статистика, објавен во јуни 2021 година, е наведено дека “Постојниот квалитет на услугите кои ги обезбедуваат ЕЛС на веб порталите не обезбедува ефективна и брза услуга. Не е овозможен ист третман и еднаков пристап и достапност за секој граѓанин. Достапноста на е-услугите преку интернет со примена на Стандардите за веб пристапност на е-услугите сè уште не е на задоволително ниво. Обезбедувањето на е-услуги не е унифицирано. Пристапот до одредена услуга е отежнат, како и движењето низ веб порталите. Достапноста до информациите, упатствата, формуларите за одредена услуга, како и пребарувањето на веб содржините не е воедначена кај сите ЕЛС. Ваквата состојба не овозможува услугите да се имплементираат на ефективен начин, со еднаков третман, пристап и достапност за секој граѓанин”.

Во однос на планските региони, во под-областа пристап до информации и услуги највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (29%), а најниско општините во Југозападниот регион (17%).

*Графикон 17. Исполнетост на индикаторите во под-областа пристап до информации и услуги во планските региони*




Според истражувањето во под-областа пристап до информации и услуги, општините Охрид и Битола се највисоко рангирани со 53%, додека пак општините Пласница, Студеничани, Арачиново и Маврово и Ростуше се најниско рангирани со 0%.

Може да се заклучи дека ЕЛС треба повеќе да работат на проактивната транспарентност и да овозможат поголем пристап на граѓаните до информации од нивното работење. Општините треба целосно да го имплементираат Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер. ЕЛС треба да развијат поголем број на електронски услуги за да ја подобрат ефикасноста во испораката на јавните услуги и треба да ги објават и редовно да ги ажурираат сите информации и формулари поврзани со добивање на услугите.

### 3.4.2. Јавни консултации

Општината е најнизок степен на власт и со тоа е најблиска до граѓаните. Пристапот до информации и еднонасочната комуникација не се доволни за воспоставување соработка со општината. Од општината се очекува да овозможи консултирање на граѓаните и добивање на нивното мислење за јавните политики, услугите итн. Јавните консултации имаат за цел создавање одговорни политики засновани на докази кои ги рефлектираат потребите на граѓаните.

И покрај тоа што постојаната вклученост на граѓаните во работењето на општините е утврдена со законите и општинските статути и акти, сепак резултатите покажуваат ниско ниво на јавни консултации на локално ниво.

Истражувањето покажа дека ЕЛС имаат ниска оценка од 18% во под-областа јавни консултации. Дури 33 општини немаат објавено никакви податоци во оваа под-област. Ова укажува дека ЕЛС мора итно да се посветат на подобрување на процесот на јавни консултации и притоа истите треба да се спроведуваат како онлајн така и офлајн.

Генерално веб-страниците на општините содржат недоволно информации за јавните консултации, не се објавуваат плановите за јавни консултации, повиците за јавни дебати и извештаите од спроведените јавни дебати на веб-страницата на општината.

Во однос на планските региони, во под-областа јавни консултации највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (28%), а најниско општините во Полошкиот регион (4%).

*Графикон 18. Исполнетост на индикаторите во под-областа јавни консултации во планските региони*




Во под-областа јавни консултации, најдобри резултати покажаа општините Ѓорче Петров, Центар и Радовиш со 69%, додека дури 33 ЕЛС немаат објавено никакви податоци во оваа под-област.

Пандемијата со КОВИД-19 само ја зголеми потребата од одржување на јавни консултации онлајн. Притоа, општините треба детално да го утврдат процесот на консултација со точно утврдени чекори и временска рамка. Информациите за јавните консултации треба да бидат објавени навремено. Општините, исто така, треба да го поттикнат учеството на граѓаните и другите заинтересирани страни во консултациите.

### 3.4.3. Интеракција со граѓаните

За успешно донесување и спроведување на локални јавни политики кои ќе бидат одржливи и во служба на граѓаните, општината треба да ги вклучи граѓаните во процесот на донесување одлуки. Покрај низа алатки за консултирање на граѓаните и нивно вклучување во работата на општината предвидени во законската рамка, постојат многу добри практики на соработка меѓу општината и граѓаните со цел запознавање со и излегување во пресрет на потребите на граѓаните и реализација на нивните сугестии на ад-хок основа.

Во оваа под-област се вклучени индикатори кои оценуваат дали општините користат различни алатки за интеракција со граѓаните како што се социјалните медиуми, и дали воведуваат интерактивни алатки за комуникација на нивните веб-страници. На овој начин, институциите имаат цел да ги пренесат информациите во една обработена форма и да ги охрабрат граѓаните почесто да комуницираат со нив. Преку интеракцијата со јавноста се овозможува одговорно добивање на повратни информации од граѓаните како крајни корисници.

Истражувањето покажа дека ЕЛС имаат оценка од 33% во под-областа интеракција со граѓаните. Повеќето општини имаат официјални профили на Фејсбук, а дел имаа и профили на други социјални медиуми. Голем дел од општините го користат профилот на Фејсбук на градоначалникот наместо официјалниот профил на општината како примарно место за објавување на информациите. Ова е негативна практика која треба да се искорени бидејќи на овој начин фокусот е поголемо политичко рекламирање на самиот градоначалник, наместо навремено и точно информирање на граѓаните согласно нивните потреби. Само 25 општини на своите веб-страници имаат објавено време за консултации на градоначалникот со граѓаните. Само 10 ЕЛС последната година постапиле по добиен предлог преку некоја од алатките за граѓанско учество (граѓанска иницијатива, собир на граѓани, референдум, претставки и предлози).

Во однос на планските региони, во под-областа интеракција со граѓаните највисоко се оценети ЕЛС во Југоисточниот регион (40%), а најниско општините во Југозападниот регион (23%).

*Графикон 19. Исполнетост на индикаторите во под-областа интеракција со граѓаните во планските региони*




Во под-областа интеракција со граѓаните, општините Валандово и Кочани се највисоко рангирани со 75%, додека пак општините Пласница и Богданци се најниско рангирани со 0%.

Неопходно е општините да овозможат граѓаните ефективно да ги користат воспоставените канали за комуникација и да ги поттикнат да ги испраќаат нивните предлози, потреби и проблеми преку некоја од алатките за граѓанско учество.

## 3.5. ИНТЕГРИТЕТ

*„Интегритетот" го проценува конзистентното придржување кон етичките вредности, принципи и норми кои што имаат за цел приоретизирање на јавниот интерес во однос на приватниот*

Политиките за транспарентност и отвореност на општините придонесуваат за борба против корупцијата. Интегритетот на административните службеници и локалните функционери е основа за спречување на судир на интереси и добро функционирање на локалната самоуправа.

Според препораките на ОЕЦД институциите треба да имаат развиено стратешки пристап за подобрување на јавниот интегритет и ублажување на ризиците од корупција во јавниот сектор. За овој пристап да биде ефикасен потребно е мерките да се засноваат на сигурни докази и да се идентификуваат ризиците во процесот во консултација со клучните засегнати страни.

Оваа подобласт содржи индикатори кои покажуваат постоење и пристапност на политика за интегритет и антикорупциска политика, едукација на административните работници на оваа тема, етички кодекс на административните службеници и локални функционери и спречување судир на интереси.

Резултатите на ЕЛС од истражувањето покажуваат 19% исполнетост на индикаторите кои се однесуваат на областа интегритет. 21% од општините не објавуваат никакви податоци во оваа област. Ова покажува дека општините треба да воспостават посилни механизми за одговорност во нивната структура и да преземат повеќе активности за унапредување на интегритетот и спречување на судирот на интереси и корупцијата. Само 29 ЕЛС на веб-страницата објавуваат информации за спонзорства и донации, а само 8 општини објавуваат детални информации за огласи за вработување и новвработени лица со бодови во постапката во изминативе 12 месеци.

Во областа интегритет, највисоко рангирани се општините Желино, Демир Хисар, Могила, Македонска Каменица и Гевгелија со 57%, а дури 22 ЕЛС немаат објавено никакви податоци во оваа област.

*Графикон 20. Топ 10 рангирани општини во областа интегритет*




Во однос на планските региони, во областа интегритет највисоко се оценети ЕЛС во Пелагонискиот регион (30%), а најниско општините во Полошкиот регион (12%).

*Графикон 21. Исполнетост на индикаторите во областа интегритет во планските региони*




Може да се заклучи дека општините треба да работат на воспоставување на системи на интегритет и мерки за превенција и елиминација на различни форми на коруптивно и неетичко однесување во институција. ЕЛС треба да ги унапредат капацитетите на вработените во областа.

## 3.6. ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

Отворените податоци се во центарот на концептот на Отворена влада или Отворено владеење. Тие директно придонесуваат кон зголемување на транспарентноста на ЕЛС, подобрување на јавните услуги, поттикнување на економскиот развој и поголема ефикасност на работата на администрацијата. Согласно Законот за користење на податоците од јавниот сектор општините се обврзани постојано да објавуваат отворени податоци.

Со оваа хоризонтална област „отворени податоци“ индексот ги анализира практиките на општините за отвореност на податоците кои ги објавуваат. Индексот ги наградува општините кои имаат заложба за објавување на информации во „отворен формат“ кои се лесно обработливи од техничка гледна точка.

Истражувањето покажа дека ЕЛС исполнуваат само 12% од индикаторите опфатени во областа отворени податоци. Иако резултатите во оваа област се слаби, постојат неколку добри примери на општини кои работат на отворање на податоците.

Во областа отворени податоци најдобри резултати имаат општините Василево и Охрид со 27%, додека најниско е рангирана општината Пласница со 0%.

*Графикон 22. Топ 10 рангирани општини во областа отворени податоци*




Резултатите покажуваат дека општините објавуваат дел од документите (податочните сетови) кои се нивна законска обврска, но не сите. Сепак, за прв пат годинава, се објавени податочни сетови во целосно отворен (машински обработлив) формат од страна на некои општини.

Охрид, Кавадарци, Прилеп, Василево, Зрновци, Аеродром, Штип, Ѓорче Петров, Вевчани, Желино, Куманово и Росоман за прв пат годинава објавија на своите веб-страници податочни сетови во машински обработлив формат. Иако бројката на општини не е голема (12) ова е значаен напредок во работењето на овие ЕЛС и голем исчекор во нивните напори за унапредување на отвореноста во работењето.

Значајно е да се напомене дека Градот Скопје објави нови 14 податочни сетови во отворен формат на националниот портал data.gov.mk, но овие податочни сетови не се објавени на нивната веб-страница ниту пак постои линк до податоците.

Националниот портал за отворени податоци, data.gov.mk, до денес содржи 281 сетови на податоци објавени од 57 субјекти, а само 3 од нив се ЕЛС.

Може да се заклучи дека иако имаме подобрување во објавувањето на отворени податоци кај некои општини, сепак генерално, ЕЛС треба повеќе да работат на подготовка на податочни сетови во отворен (машински читлив) формат и истите постојано да ги објавуваат и ажурираат.

## 3.7. ОПШТИНСКИ СОВЕТ И ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Иако општинскиот совет и јавните претпријатија претставуваат нераскинлив дел од ЕЛС, тие, за разлика од секторите, градоначалникот, или договорно ангажираната администрација, имаат одделни, специфични обврски и задолженија. Со оглед на ова, во Индексот на отвореност како уште една хоризонтална категорија (покрај отворените податоци) беа мониторирани и индикатори за кои директна одговорност носат општинските совети и јавните претпријатија.

Генерално, успешноста, ефикасноста и транспарентноста во работата на советот ја следи и отвореноста на општината – односно, колку потранспарентен и ефективен совет, толку поотворена општина, и обратно. Се разбира, постојат и општините каде оваа поврзаност и не е така линеарна, но во најголемиот број случаи, улогата на советот во севкупната отвореност на општината е во склад со останатите сектори и администрацијата.

Во однос на јавните претпријатија, за жал, констатиравме сериозен недостаток на информации на веб-страниците на општините за нив. Во дел од општините, не постојат никакви или постојат минимални информации за составот, работењето и буџетирање на јавното претпријатие. За разлика од општинските совети, кај јавните претпријатија степенот на отвореност не ја следи отвореноста на општината во која тоа јавно претпријатие функционира – односно, јавните претпријатија имаат значително пониска просечна транспарентност од само 8%. Дури и кај општините кои имаат релативно солидно ниво на отвореност, јавните претпријатија остануваат „затворени“, односно со 0% транспарентност.

# 4. ЗАКЛУЧОК

Истражувањето на Индексот на отвореност за 2021 година покажува дека ниското ниво на исполнување на принципите на добро владеење од страна на ЕЛС продолжува.

Општините треба да ја зголемат транспарентноста во нивното работење, а особено објавувањето на податоци во однос на одлуките кои ги носат градоначалникот и Советот, стратешките и планските документи, документите за следење и мерење на ефективноста на политиките и податоците во однос на финансиското работење.

Новите услови на живеење наметнати од пандемијата со КОВИД-19 создаваат потреба локалните власти да објавуваат повеќе податоци и континуирано да работат на создавање на нови канали за дијалог и соработка со граѓаните и другите засегнати страни. Ова ја зголемува употребата на ИКТ за подобрување на отвореноста во работењето на општините. Веб-страниците на општините треба да бидат развиени на високо ниво за да претставуваат функционална и корисна алатка за посетителите. Тие треба да ги задоволуваат барањата за кибер безбедност и да бидат приспособени на потребите на корисниците.

Потребно е општините повеќе да работат на зголемување на отвореноста и нивното работење да го засноваат врз принципите на транспарентност, отчетност и учество, што, потпомогнато од новите технологии и иновациите, ќе го унапреди јавното управување и ќе ја зајакне јавната администрација и демократија.

Развојот на стратешки планови на општините треба да се базира на податоците од направените проценки на влијанието, трошоците и ефектите на политиките.

Веб-страниците на општите треба да содржат подетални информации и податоци кои се однесуваат на работењето на јавните претпријатија основани од општината.

Според направеното истражување може да се заклучи дека сè уште проблем е соодветното спроведување на законската рамка во областите кои се опфатени со истражувањето, пред сè Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за користење на податоците во јавниот сектор и законската регулатива за финансиското работење на ЕЛС.

Значителни напори се потребни од страна на ЕЛС во Полошкиот плански регион и дел од ЕЛС во Скопскиот плански регион за подобрување на отвореноста во нивното работење.

# 5. СЕОПФАТЕН ПЛАН ЗА ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ ЗА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со цел подобрување на отвореноста на општините во продолжение се наведени препораки кои треба да послужат како сеопфатен план за добро владеење на локално ниво.

## Транспарентност

- Веб-страниците на општините да бидат развиени согласно националните и меѓународните препораки и стандарди, да се функционални и редовно да се ажурираат. Ова вклучува и обврска сите јазични верзии на веб-страниците редовно да се ажурираат, односно информациите да се објавуваат доследно и да се достапни на сите службени јазици на општината;
- Веб-страниците на општините да ги задоволуваат барањата за кибер безбедност;
- Општините да имаат изработено и објавено документ што се занимава со нивната отвореност и транспарентност кој ќе обезбеди дефиниран и систематски пристап во објавувањето на информации и податоци;
- Вработените во општините континуирано да ги јакнат своите капацитети и знаење за законските обврски и добрите практики во областа на политиките за отвореност вклучувајќи ги и отворените податоци;
- Податоците и информациите на општините да не бидат објавени само во службените гласници. Тие треба да се добро структурирани и објавени во рамки на менијата и секциите на веб-страниците со цел да бидат лесни за пронаоѓање;
- Општините да ги објавуваат податочните сетови што ги генерираат на своите веб-страници, како и на порталот http://data.gov.mk/ ;
- ЕЛС редовно и навремено да го објавуваат дневниот ред за седниците, како и записниците и останати информации поврзани со работата на Советот;
- Општините да објавуваат целосни списоци со позиции и контакти на сите вработени службеници со контакт информации (име и презиме, позиција, одделение/сектор, број на канцеларија, службен телефон и е-пошта);

- Општините да бидат транспарентни и за привремените вработувања по различна основа и во оваа насока да објават список на ангажирани лица со договори (на дело, авторски, за привремена работа преку агенции и сл.);
- Надлежностите на општината да бидат сумирани и објавени со основните информации за општината со цел граѓаните да знаат за каков тип прашања и услуги би требало да се обратат до општинските органи;
- Информации за членовите на советот, работните тела и урбаните и месните заедници да се објавени на веб-страницата на општината;
- Општините да објавуваат подетални информации за јавните претпријатија и установи кои се формирани од нивна страна;
- Одлуките донесени од страна на Градоначалникот и Советот редовно да се објавуваат на веб-страницата;
- Општините да обезбедат видео (или евентуално аудио) следење на седниците на Советот и да објават аудио/видео записи како автентични документи со кои се овозможува следење на работата и носењето одлуки од страна на Советот. Записите би требало да се во соодветен формат кој овозможува симнување или да упатуваат на некоја надворешна платформа за објавување (на пр. Јутјуб канал на општината);
- Општините проактивно да известуваат за работата на Советот и градоначалникот преку навремено објавување на соопштенија за медиуми за нивната работа;
- Буџетот да е објавен заедно со сите пропратни документи и информации потребни за негово усвојување и извршување. Буџетот треба е достапен во целост, вклучувајќи ја неговата приходна и расходна страна по ставки, така како што се усвојува заедно со сите ребаланси и документите за неговото извршување (финансиски планови и извештаи);
- Општините да објават граѓански буџет кој е програмски, односно претставен по области и на разбирлив начин;
- ЕЛС да објавуваат и извештаи на квартална основа за реализација на буџетот, завршна сметка на општината за претходната календарска година, како и информации за задолжувањата на општината;
- ЕЛС да ги објават сите документи за процесите на јавни набавки на нивните веб-страници (планови за јавните набавки, повици, одлуки, анекси и др.);
- На веб-страниците на општините да се објават платите на избраните и именувани функционери и финансиските информации за патувања и репрезентација на избрани и именувани лица и административни службеници;

- ЕЛС да објавуваат информации за постапките за јавни наддавања, концесии или ЈПП. Неопходно е обезбедување транспарентност во рамки на овие постапки;
- ЕЛС да објавуваат податоци за финансиската поддршка која ја даваат за здруженија на граѓани, спортски клубови и сл.

## Свесност

- ЕЛС да ги објават годишните програми за работа на општината и на Советот. Документите треба да овозможуваат поставување на мерливи цели преку развиени индикатори и насоки за нивно мерење;
- Општините да ги објават Стратегијата за развој придружена со акциски план за реализација (со алоциран буџет, утврдена временска рамка и одговорни тела – органи, сектори, јавни претпријатија или установи и сл.);
- Општините да ги објават изработените плански/програмски документи за тематски области како што се локален економски развој, животна средина, млади и сл.;
- Општините да ги усогласат стратешките документи со буџетите на општините;
- На веб-страницата на ЕЛС да се објават извештаите за работа на градоначалникот и Советот. Извештаите треба да содржат конкретни индикатори за успех и мерење на ефективноста на политиките кои ги имплементираат, нивниот степен на спроведување и нивното влијание.

## Пристапност

- На почетната страна на веб-страниците на општините да постои јасно видливо посебно мени или оддел во кој ќе се содржат информациите за остварување на правото на слободен пристап. Таму, потребно е да е опишан начинот на барање информации, да е даден образецот што треба да се користи и електронски примерок за симнување од истиот, да е наведено лицето задолжено за посредување со информации и негов/нејзин контакт, како и да е објавена законски утврдената листа на информации од јавен карактер и сл.;
- ЕЛС да ги објавуваат одговорите кои општината веќе ги дала на граѓани по основ пристап до информации од јавен карактер. Овие дадени информации да се објавуваат на веб-страницата анонимизирано, со цел да им послужат на други граѓани кои би ги барале истите информации или документи;
- Општините да имаат информатор за граѓаните (хартиен или електронски) со кој на граѓаните на редовна основа (најчесто месечна) им се доставуваат

информации за активностите на општината и поважните одлуки донесени од органите;

- На веб-страницата на општините да биде објавен каталог на услуги што општината ги обезбедува физички и електронски. За секоја услуга, без разлика дали се обезбедува физички или електронски, потребно е да се објавени обрасците, надоместоците што треба да се платат за добивање на актите и начинот на плаќање;
- ЕЛС на нивните веб-страници да ги наведат документите кои општината треба да ги прибави по службена должност, со цел граѓаните да бидат ослободени од непотребни обврски и одење во повеќе институции, во духот на едношалтерскиот систем;
- Општините на своите веб-страници да ги објават извештаите од извршен инспекциски надзор барем еднаш годишно;
- ЕЛС навремено да ги планираат јавните консултации за различни прашања кои се планирани според годишните планови и програми на општинските органи, да ги објавуваат повиците, плановите и записниците за јавни консултации и расправи на нивните веб-страници;
- Веб-страниците на општините да содржат електронска форма - можност за повратна комуникација, посебно мени за жалби, претставки и за пријавување на проблеми;
- На веб-страниците на општините да биде објавен термин за консултации на градоначалникот со граѓаните;
- Покрај официјалните канали, електронски преку веб-страницата и физички, ЕЛС да користат социјални медиуми за двонасочна комуникација со граѓаните. Во оваа смисла треба да постои официјална страница на општината (не профил на градоначалникот) на Фејсбук и на некој друг социјален медиум;
- ЕЛС да го зголемат бројот на дигитализирани услуги кои ги нудат на граѓаните;
- Општините да овозможат граѓаните навремено да ги добиваат соодветните информации, на начин кој е разбирлив за нив, со што ќе се овозможи заинтересираните граѓани да учествуваат во процеси кои се од интерес за локалната заедница и да ги искажуваат своите потреби и проблеми.

## Интегритет

- ЕЛС да изработат и објават соодветен документ за спречување конфликт на интерес и коруптивни практики;
- ЕЛС да ги подобрат капацитетите на вработените за спречување на неетичко и коруптивно однесување, укажување на нерегуларности и сл.;
- Општините да ги објават на веб-страниците Етичкиот кодекс за локални функционери и административни службеници, како и името и контактот на лицето задолжено за заштитено внатрешно пријавување и на лицето задолжено за пријавување неправилности во финансиското работење на општината;
- На веб-страницата на ЕЛС за секоја постапка за вработување да биде објавен повик со опис на работното место, критериуми и опис на постапката за избор и бодување, како и одлука за избор со име и презиме на кандидатот, образложение и освоени бодови за секој критериум;
- Општините редовно да ги објавуваат информациите за спонзорства и донации.

Метаморфозис Фондацијата за интернет и општество е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Северна Македонија. Нејзината мисија е да придонесе кон развој на демократијата и кон зголемување на квалитетот на животот преку иновативно користење и споделување на знаењето. Нашите водечки вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Програмските области во кои работи Метаморфозис се:

- Медиуми за демократија
- Едукација за иновации
- Општествена одговорност
- Човекови права на интернет

# ПРИЛОГ 1: СТРУКТУРА НА ИНДЕКСОТ НА ОТВОРЕНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО

| Област: Транспарентност | |
|---|---|
| **Под-област: Заложба за транспарентност и отчетност** | |
| 1 | Дали веб-страницата редовно се ажурира? |
| 2 | Дали информациите се еднакво објавени на сите службени јазици? |
| 3 | Дали пребарувачот на почетната страна на веб-страницата е функционален? |
| 4 | Дали општината има некаков документ (стратегија, политика, постапка) во врска со отвореноста и транспарентноста? |
| 5 | Дали во последната година вработените во општината следеле обука или друг вид образование за пристап до информации од јавен карактер? |
| 6 | Дали во последната година вработените во општината учествувале на обука/ работилница за административни службеници за концептот на отворени податоци и инструкции како да се користат и објавуваат податоците во отворен формат? |
| 7 | Дали општината има именувано Офицери за отворени податоци? |
| 8 | Дали општината објавува сетови на отворени податоци на data.gov.mk ? |
| **Под-област: Организациски информации** | |
| 9 | Дали органиграмот на општината е објавен на веб-страницата? |
| 10 | Дали надлежностите на општината се објавени на веб-страницата? |
| 11 | Дали биографијата на градоначалникот е објавена на веб-страницата? |
| 12 | Дали Статутот на општината е објавен на веб-страницата? |
| 13 | Дали Деловникот на општинскиот совет е објавен на веб-страницата? |
| 14 | Дали информациите за имињата, позициите и контактите на административните службеници се објавени на веб-страницата? |
| 15 | Дали информациите за лицата ангажирани со договори за дело, договори за привремена работа и авторски договори се објавени на веб-страницата? |
| 16 | Дали информациите за членовите на Советот со име, слика и контакт се објавени на веб-страницата? |
| 17 | Дали е објавена листата на закони кои се однесуваат на надлежностите на општината? |
| 18 | Дали информациите за удели на општината во јавните претпријатија се објавени на веб-страницата? |
| 19 | Дали имињата и контактите на претседателите на месните/урбаните заедници се објавени на веб-страницата? |
| 20 | Дали на веб-страницата се објавени информации за комисиите и работните тела на Советот? |

| | |
|---|---|
| 21 | Дали е објавен статутот на јавното комунално претпријатие? |
| 22 | Дали се објавени информации за членови на управен и надзорен одбор на јавното комунално претпријатие? |
| **Под-област: Донесување одлуки** | |
| 23 | Дали дневните редови за седниците на Советот се објавени на веб-страницата? |
| 24 | Дали записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата? |
| 25 | Дали одлуките усвоени од страна на Советот се објавуваат на веб-страницата? |
| 26 | Дали седниците на Советот се достапни во живо преку аудио или видео пренос? |
| 27 | Дали аудио/видео записи од седниците на Светот во последната година се објавени на веб-страницата? |
| 28 | Дали барем едно соопштение/изјава за медиуми од Седница на советот во последните три месеци е објавено на веб-страницата? |
| 29 | Дали редовно се објавуваат соопштенија за остварени официјални средби со детални информации од средбата? |
| **Под-област: Финансиска транспарентност** | |
| 30 | Дали општинскиот буџет за тековната година е објавен на веб-страницата? |
| 31 | Дали општината има објавено граѓански буџет за тековната година? |
| 32 | Дали одлуката за буџет беше доставена до Советот пред 1ви декември во тековната година? |
| 33 | Дали се објавуваат квартални извештај за реализација на буџетот? |
| 34 | Дали завршната сметка е објавена на веб-страницата? |
| 35 | Дали се објавуваат информации за задолжувањата на општината? |
| 36 | Дали плановите за јавни набавки се објавени на веб-страницата? |
| 37 | Дали повиците за јавни набавки се објавени на веб-страницата? |
| 38 | Дали одлуките за јавни набавки се објавени на веб-страницата? |
| 39 | Дали договорите за јавни набавки се објавени на веб-страницата? |
| 40 | Дали анексите на договорите за јавни набавки се објавуваат на веб-страницата? |
| 41 | Дали годишните финансиски планови и програми за реализација на буџетот се објавени на веб-страницата? |
| 42 | Дали извештаите на Државниот завод за ревизија се објавени на веб-страницата? |
| 43 | Дали информацијата за платите на функционерите е објавена на веб-страницата? |
| 44 | Дали на веб-страницата на општината е објавена барем една информација за концесии, ЈПП или јавни наддавања во последната година? |
| 45 | Дали извештаите за реализација на планот за јавни набавки се објавени на веб-страницата? |
| 46 | Дали општината има објавено барем еден повик за проекти за граѓански организации во изминатата година? |

| | |
|---|---|
| 47 | Дали одлуките за алоцираните средства за граѓански организации се објавени на веб страницата? |
| 48 | Дали е објавена годишна сметка на јавно комунално претпријатие? |
| 49 | Дали е објавен актот со кој се утврдуваат цените за услугите на јавно комунално претпријатие? |
| 50 | Дали е објавен актот за употреба на остварените приходи на јавно комунално претпријатие? |
| 51 | Дали е објавена завршната сметка на јавно комунално претпријатие? |
| 52 | Дали информацијата за надоместоците на членовите на советот на општината е достапна за граѓаните? |
| 53 | Дали правилникот за исплата на патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство за членовите на советот и државните службеници е достапен за граѓаните? |
| **Област: Свесност** | |
| **Под-област: Планирање и програмирање** | |
| 54 | Дали годишната програма на општината за тековната година е објавена на веб-страницата? |
| 55 | Дали годишната програма на општинскиот Совет за тековната година е објавена на веб-страницата? |
| 56 | Дали секторските општински стратегии (коишто се однесуваат и на тековната година) се објавени на веб-страницата? |
| 57 | Дали општината има сеопфатен пишан документ каде што ги поставува своите цели (Стратегија за развој или Развоен план) којшто се однесува и на тековната година? |
| 58 | Дали општината има објавено акциски план за реализација на Стратегијата за развој? |
| 59 | Дали е објавена годишна инвестициска програма за тековната година на јавното комунално претпријатие? |
| 60 | Дали јавното комунално претпријатие користи индикатори за успех при развивање на годишната програма? |
| 61 | Дали општината користи индикатори за успех при развивање на годишната програма? |
| **Под-област: Мониторинг и евалуација** | |
| 62 | Дали извештајот за работа на Градоначалникот за претходната година е објавен на веб-страницата? |
| 63 | Дали извештајот за работа на Советот за претходната година е објавен на веб-страницата? |
| 64 | Дали извештајот за работа на јавното комунално претпријатие за претходната година е објавен на веб-страницата? |
| 65 | Дали општината користи индикатори за успех при развивање на годишни извештаи за работењето за претходната година? |

| Област: Пристапност | |
|---|---|
| **Под-област: Пристап до информации и услуги** | |
| 66 | Дали општината ги објавува предлог деталните урбанистички планови на територијата на општината? |
| 67 | Дали општината ги објавува усвоените детални урбанистички планови на територијата на општината? |
| 68 | Дали општината има објавено регистар на граѓански организации? |
| 69 | Дали општината има објавено листа на угостителски дејности од мал обем? |
| 70 | Дали општината има објавено листа на туристички дејности од мал обем? |
| 71 | Дали општината има објавено листа на услуги во селски, етно и еколошки туризам? |
| 72 | Дали општината има објавено податоци за индустриските зони на територијата на општината? |
| 73 | Дали општината има објавено Катастар на животна средина? |
| 74 | Дали општината има објавено Регистар на доделени Б-интегрирани еколошки дозволи? |
| 75 | Дали општината има објавено Регистар на загадувачи? |
| 76 | Дали општината има објавено катастар за создавачите на бучава? |
| 77 | Дали општината има објавено катастар за создавачите на отпад? |
| 78 | Дали општината има објавено податоци за превозници и моторни возила за вршење превоз на патници и стока во патниот сообраќај? |
| 79 | Дали општината има објавено податоци за пазари во територијата на општината? |
| 80 | Дали општината има објавено податоци за депонии на територијата на општината? |
| 81 | Дали општината има објавено податоци за паркинзи на територијата на општината? |
| 82 | Дали општината има објавено регистар на детски градинки во општината? |
| 83 | Дали општината има објавено регистар на основни училишта во општината? |
| 84 | Дали општината објавува регистар на средни училишта во општината? |
| 85 | Дали општината има објавено податоци за домови за стари лица на територијата на општината? |
| 86 | Дали извештаите за извршен инспекциски надзор се објавени на веб-страницата? |
| 87 | Дали на веб-страницата се објавени информации за установи за заштита на различни категории граѓани? |
| 88 | Дали на веб-страницата се објавени информации за бројот на корисници на социјална помош (по категории)? |
| 89 | Дали на веб-страницата е објавен Регистар на отпадот (издадени лиценци)? |
| 90 | Дали на веб-страницата се објавени собирните центри за електричен и електронски отпад? |

| | |
|---|---|
| 91 | Дали се објавени издадените лиценци за отстранување на оштетени и возила во дефект од општинските и локални патишта? |
| 92 | Дали е објавен годишниот извештај за издадени одобренија за градба? |
| 93 | Дали е објавен Регистарот на издадени одобренија за поставување времени објекти и урбана опрема? |
| 94 | Дали е објавен Регистарот на поднесени барања за утврдување правен статус на бесправни објекти? |
| 95 | Дали е објавен Регистар на имиња на улици и броеви на објектите, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти? |
| 96 | Дали е објавен Регистар на управители на станбени згради? |
| 97 | Дали се објавени информации за спортските објекти на територија на општината? |
| 98 | Дали се објавени информации за спортските клубови? |
| 99 | Дали е објавен Регистар на меморијални споменици и спомен обележја? |
| 100 | Дали се објавени информации за општинските установи од областа на културата? |
| 101 | Дали е објавен Регистар на физички лица кои вршат туристичка дејност, туристички водичи и придружници? |
| 102 | Дали е објавен Регистар на категоризирани угостителски објекти? |
| 103 | Дали е објавена евиденција на угостителите? |
| 104 | Дали на веб-страницата има објавени податоци за контакт со лицето одговорно за пристап до информации од јавен карактер? |
| 105 | Дали се објавени анонимизирани одговорите на прашањата за кои е одобрен пристап до информации од јавен карактер? |
| 106 | Дали е објавена постапката (начинот) за добивање информации од јавен карактер? |
| 107 | Дали веб-страницата има посебно мени (оддел) за право на пристап до информации од јавен карактер? |
| 108 | Дали општината има сопствен месечен весник (или информатор) (електронски или во хартија)? |
| 109 | Дали одговорите на често поставуваните прашања се објавени на веб-страницата? |
| 110 | Дали Листата на информации од јавен карактер е објавена на веб-страницата? |
| 111 | Дали на веб-страницата се обезбедени е-услуги? |
| 112 | Дали на веб-страницата е објавена листата на услуги што ги обезбедува општината (физички и електронски)? |
| 113 | Дали на веб-страницата се објавени обрасци за пристап до услугите? |
| 114 | Дали е објавен тарифник за надоместоци за издавање на акти? |
| 115 | Дали на веб-страницата се објавени информации за условите и критериумите за користење социјални услуги и добивање парична помош? |
| 116 | Дали е објавено име и контакт на лицето задолжено за контакт со лица со попреченост? |

| Под-област: Јавни консултации | |
|---|---|
| 117 | Дали повикот за учество во јавна консултација за буџетот беше објавен на веб-страницата? |
| 118 | Дали на веб-страницата има објавено извештај за јавната консултација одржана за последниот предлог буџет? |
| 119 | Дали плановите за јавни консултации за тековната година на општината се достапни на веб-страницата? |
| 120 | Дали повиците за јавни расправи се објавени на веб-страницата? |
| 121 | Дали на веб-страницата можат да се најдат потребните информации за јавни расправи од тековната година? |
| 122 | Дали општината одржа јавни консултации за последниот предлог на буџетот? |
| 123 | Дали детални извештаи од јавните расправи се објавени на веб-страницата (со пишани објаснувања и одговори на коментарите и сугестиите? |
| 124 | Дали Општината организира форум на заедницата (или буџетски форум, како форма на форум на заедницата) ? |
| **Под-област: Интеракција со граѓаните** | |
| 125 | Дали постои биро/канцеларија за контакт со граѓаните ? |
| 126 | Дали градоначалникот има утврдено приемен час за консултации со граѓаните? |
| 127 | Дали општината има активен профил на Фејсбук? |
| 128 | Дали општината има активен профил на друг социјален медиум? |
| 129 | Дали насоките за доставување на претставки, жалби и поплаки се објавени на веб-страницата? |
| 130 | Дали постои директен онјалн комуникациски канал на веб-страницата преку кој граѓаните ќе можат да доставуваат претставки, жалби и поплаки? |
| 131 | Дали е објавено работно време со странки? |
| 132 | Дали во последната година општината постапила по добиен предлог преку некоја од алатките за граѓанско учество (граѓанска иницијатива, собир на граѓани, референдум, претставки и предлози) ? |
| **Област: Интегритет** | |
| **Под-област: Политики за Интегритет и судир на интереси** | |
| 133 | Дали е објавен план за интегритет или некоја друга внатрешна антикорупциска практика (којашто вклучува мерки за превенција и елиминација на различни форми на коруптивно и неетичко однесување во институција)? |
| 134 | Дали Етичкиот кодекс за локални функционери и административни службеници е објавен на веб-страницата? |
| 135 | Дали име и контакт на  лицето задолжено за заштитено внатрешно пријавување се објавени на веб-страницата? |

| | |
|---|---|
| 136 | Дали име и контакт на лицето задолжено за неправилности е објавено на веб-страницата? |
| 137 | Дали на веб-страницата т се објавуваат информации за спонзорства и донации од страна на општината? |
| 138 | Дали се објавуваат огласи за вработување и новвработени лица со бодови во постапката во изминативе 12 месеци? |
| 139 | Дали во изминатата година, вработените во општинската администрација следеле обука/работилница или други едукативни активности на теми како конфликт на интереси, спречување на корупција, укажување во случај на нерегуларности? |

**ФОНДАЦИЈА МЕТАМОРФОЗИС**
ул. „Апостол Гусларот" бр. 40
1000, Скопје, Северна Македонија
телефон: +389 2 3109 325